# МИСИОНСКИ
# СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2019

*Сабота, 6 јули 2019*

## 1. НА КОЈА ГРУПА ВЕРНИЦИ Ѝ ПРИПАЃАШ?

**„Надѕидани врз основата на апостолите и пророците, а аголниот камен е Самиот Христос Исус, врз Кого целата стројно составена зграда расте во свет храм во Господа, врз кого и вие во Духот заедно се соѕидувате во Божјо живеалиште“ (Ефешаните 2,20-22).**

**„Тој (Христос) е и Глава на Телото, на Црквата“ (Колошаните 1,8). „А вие сте Христово тело, а поодделно, членови. И Бог ги поставил поединците во црквата“ (1. Коринќаните 12,27.28).**

Библијата употребува многу симболи за да ја опише и прикаже црквата. Црквата е претставена како храм, невеста, тело, стадо, војска, град на гора итн. Овие различни слики можат да се сместат во три групи. Црквата може да се сфати како *болница, училиште и војска.* На некои верници и неверници им треба место за лечење на раните што им ги задал животот. На други им се потребни поуки за Господовите патишта. Третата група е сосредоточена на извршување задачи, тие сакаат да бидат во првите редови да служат.

Размисли за начинот на кој ти можеш да служиш. Забележи ги програмите кои се одвиваат во твојата црква. Тоа можат да бидат: семинари, помош за сиромашните, посета на ожалостените, евангелизации, трибини, работа по системот „тивки сведоци“. На кои од овие подрачја ти би можел да служиш? Дали во твоето соседство постои некој неадвентист, кој би можел да се придружи на оваа програма? Јасно е дека постојат широки можности за работа, и ниеден поединец, па дури ни целата месна црква, не можат да ги задоволат сите предизвици со кои Христос сакал да ги одржи своите следбеници и да ги привлече оние кои не го познаваат. Но затоа, секој поединец може да избере да работи во одредени гранки од Божјето дело на земјата.

*Сабота, 13 јули 2019*

## 2. НА КОЕ ПОДРАЧЈЕ СИ НАЈКОРИСЕН?

**„Духот и невестата велат: ’Дојди!’ И кој слуша нека рече: ’Дојди!’ И кој е жеден, нека дојде, и кој сака, нека земе дарум од водата на животот!“ (Откровение22, 17).**

Оваа сабота ќе проучуваме за повикот што Бог му го упатил на Аврама. Животот на патријархот ни го покажува најважното начело преку кое можеме да го препознаеме најуспешниот начин на сведочење. Повикот да излезе од својата земја станал основа на Аврамовата лична работа за проповедање на вистината за Бога на другите. На пример, кога неговиот син Исак требало да се жени, Аврам преку својот слуга, ѝ пратил повик на Ревека да го остави своето семејство и да се придружи на неговиот дом. Пред Содом да биде уништен, ангели биле пратени да го изнесат Лот од непосредната опасност. Божјиот повик на Аврам да излезе од Ур, е охрабрување за другите да го прифатат вистинскиот Бог.

Аврамовото искуство покажува дека начинот на кој ние доаѓаме во допир со црквата, претставува најсилен начин на сведочење на другите. Ако си дошол во црква преку евангелизација, најверојатно и ти на ова подрачје на сведочење ќе бидеш најкорисен. Истото може да се каже и за службата, за работата на малите групи, за работата со литература, за здравствените програми и за бројните други налини на мисионирање.

Во едно средно адвентистичко училиште, проповедникот ги обучувал наставниците за мисионска служба. Наставниците сакале да знаат како да бидат подобри сведоци за своите учени и адвентисти и неадвентисти. Двајца меѓу нив дошле во допир со адвентистичката црква преку образованието во адвентистичкиот образовен систем. Врз основа на своето искуство, тие можеле да работат и понатаму да дејствуваат градејќи на веќе поставен темел за сведочење.

Да дојдеме и да црпиме од водата на животот, за да ја делиме со другите.

*Сабота, 20 јули 2019*

## 3. ЦРКВАТА КАКО СВЕТИЛНИК

**„И се свртив, за да го видам гласот, што зборуваше со мене. И свртувајќи се, видов седум златни светилници, а среде седумте светилници, Некој, сличен на Човечкиот Син, облечен во долга облека до нозете и препашан со златен појас преку градите“ (Откровение 1,12.13).**

Старозаветното светилиште претставува практична илустрација за Божјето дело во црквата. Повеќето од нас сфаќаат дека сведочењето е прикажано со седумкракиот светилник во храмот. Многу поуки за сведочењето во прилог на нашата вера можат да бидат прикажани со осветлен град на врвот од рид.

1. Црквата нема своја светлина. Таа мора да ги отсјајува зраците на Сонцето на правдата.
2. Светлината мора непрекинато да светли.
3. Исус се грижи светилките да светат (Откровение 1,12.13).
4. Маслото во светилниците го претставуваат Светиот Дух.
5. Не треба да ги криеме своите светилници „под садот“; мора да дозволиме тие да светат.
6. Светот е во темнина и потребна му е светлината на вистината (Јован 9,39-41).
7. Светилката осветлува и грее.

Многу важна поука може да се извлече од последната точка. Адвентистичката црква ги ужива благословите на многу вистини. Овие вистини или учења, запишани во основните точки на верување, добро служеле во осветлувањето со правилното учење на Библијата. Но, тука има и повеќе светлина отколку само осветлување и поправање на менталната перспектива. Светлината шири и топлина, таа допира до срцата.

Што мислиш ти за тоа?

*Сабота, 27 јули 2019*

## 4. КОМУ МУ ПРИПАЃА НАШИОТ ЖИВОТ?

Текстот за денешното размислување го наоѓаме во 1. Коринќаните 3,11: **„Зашто, никој не може да постави друга основа, освен онаа што е поставена, која е Исус Христос.“**

Црквата има само еден вистински темел. Да се гради на друг темел, тоа би значело вечен губиток на денот на судот. Сатаната денес е многу активен во охрабрувањето на луѓето да градат свои темели, односно самите себеси да се направат господари на животот. Тие сакаат да ги следат своите лични идеи, своите сопствени чувства и своите желби. Најголем предизвик за христијанското сведочење во ова време е да влијаеме на другите да се одлучат на чекор кој мораме и самите да го преземеме, а тоа е – да престанеме да им служиме на други богови (на себичноста, завидливоста, одмаздата и разни други гревови), и нашата верност да ја насочиме во служба на единствениот Бог – Исус Христос. Само кога ќе го предадеме своето срца и својата волја на Христа, Исус ќе може да стане наш Спасител и Бог. Предавањето, откажувањето од самиот себе, препознавањето на Исуса како Господ, директно ќе влијае на тоа колку Бог може да нѐ употреби во сведочењето за другите.

„Оној што наЈмногу го сака Христа, ќе стори најмногу добра. Нема граница на корисноста за оној што, откажувајќи се од себе, му овозможува на Светиот Дух да дејствува врз неговото срце и да живее живот потполно посветен на Бога... Ако Неговиот народ сака да ги отстрани пречките, Тој во изобилна мера ќе ја излее својата спасоносна вода преку човечките канали. Кога едноставните луѓе би биле охрабрени да го сторат сето добро што можат да го сторат, кога на нив не би биле ставени рацете што попречуваат за да ја задушат нивната ревност, тогаш за Христа би имало стотина пратеници таму каде што денес има само еден” (*Копнежот на вековите,* стр. 221).

*Сабота, 3 август 2019*

## 5. ТРАДИЦИЈАТА И ПРЕДРАСУДИТЕ

**„Тогаш Петар ја отвори устата и рече: ’Вистина гледам дека Бог не гледа на лице, туку Нему Му е мил во секој народ оној, кој се бои од Него и кој прави правда’“ (Дела 10,34.35).**

Во време на новозаветната црква постоеле две главни пречки за раст на црквата, кои постојат и денес. Тоа се традицијата и предрасудите. Кога го посматраме извршувањето на големата задача, според она што е запишано во книгата Дела апостолски, сфаќаме дека Господ го употребил обратувањето на двајца водачи за да ја изврши својата цел, проповедање на вечното евангелие. Гордиот фарисеј Савле бил потполно заробен од традицијата. Пред своето обратување, Павле можел да се пофали дека бил „обрежан во осмиот ден, од родот Израелов, од Венијаминовото колено, Евреин над Евреите, по законот фарисеј. Според верноста ја гонев Божјата црква, а според правдата законска бев без мана“ (Филипјаните 3,5.6).

По својата лична средба со Христа, неговото сведоштво било вакво: „Она што ми беше добивка го примив за штета поради Христа“.

„Ние никогаш не сме работеле на тој начин“, се зборови кои поттикнуваат најубави планови и визионерско раководење. Наместо да се прифатат удобностите што ги пружа традицијата, ние треба да си го поставиме истото прашање што си го поставил и апостол Павле на патот за Дамаск: „Господе, што сакаш да сторам?“ Како што Павле бил насочен кон тоа да ја занемари традицијата, Петар бил вдахнат да го прифати Божјиот план за проповедање на други народи. Тоа барало Божја интервенција во вид на визија и посебно упатство, за Петар да се осведочи дека Бог сака и Корнелиј да се вклучи во заедницата на Неговите следбеници (Види: Дела апостолски, 10 глава).

Како црква, да се боиме од Бога и да ја твориме Неговата правда и да им сведочиме на нашите ближни каков Бог имаме.

*Сабота, 10 август 2019*

## 6. КАКО ДА НОСИШ БЛАГОСЛОВИ?

**„Ќе ги благословам оние кои тебе те благословуваат и ќе ги проколнам оние кои тебе те проколнуваат; во тебе ќе бидат благословени сите племиња на земјата“ (1. Мојсеева 12,3).**

Наместо да ги крене своите раце од оние кои неразумно вложувале во вавилонската кула, Аврам избрал да биде благословен и на другите да им носи благослов.

Додека размислуваш за своите соседи и за семејствата во твојата околина, што гледаш? Можеби во близина живее некоја самохрана мајка која се обидува да го одржи своето семејство. Можеби во другиот влез живее многу пријатна личност, која долго време не одела во црква. Можеби во средиштето на стамбениот блок живее ново населено семејство. Можеби си сакал да отидеш кај нив за да се запознаеш, но не си имал време? Додека ја разгледуваш својата околина, можеш ли да видиш кој сè живее во твојата непосредна близина? Дали е тоа постар свет, деца или можеби друга етничка група – познати или непознати?

Многумина се заинтересирани само за световното, а повеќето од нив не знаат ништо за Бога или за Библијата. Слично на своите предци кај вавилонската кула, неразумно инвестираат во современи идоли и минливи задоволства.

Дали понекогаш си размислувал дека Бог те поставил меѓу соседите со одредена намера? Дали си помислил дека Бог сака да те благослови и тебе, слично како Аврам, за да може да ги благослови и другите? Ако црквата навистина треба да биде мисионска, нејзината светлина мора да свети во мракот, каде и да се наоѓа. „Вие сте светлината на светот. Град кој лежи на рид, не може да се скрие; ниту се пали светило, за да се стави под житно мерило, туку на светилник, и им свети на сите кои се во куќата. Така нека свети вашата светлина пред луѓето, за да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Татко, Кој е во небесата.“ (Матеј 5,14-16).

*Сабота, 17 август 2019*

## 7. КАКО РАБОТИШ?

Главниот стих за нашата денешна дискусија се наоѓа во 1. Коринќаните 14,33:

**„Бидејќи Бог не е Бог на бунт, туку на мир, како низ сите цркви на светите“.**

Павле им напишал на Коринќаните, дека нивното манифестирање на духовните дарови, особено зборувањето јазици, не треба да води кон неред, туку да донесе мир.

Јаков напишал во своето послание: „Ако имате горчлива завидливост и препорки во своите срца, не фалете се, не извртувате ја вистината. Тоа не е премудрост која слегува одозгора, туку земска, човечка, ѓаволска. Бидејќи каде што има завист и караници, таму има неслога и зло" (Јаков 3,14-16).

Еве кратка листа на ставови кои би можеле да ја попречат и оневозможат работата на Светиот Дух меѓу нас, но и да доведат до немир наместо да внесат мир:

1. Покажување критизерски, непомирлив дух кон некој верник или водач во црквата.
2. Негување дух на непростување кон некој во црквата.
3. Безволност да се помириш со другите според начелото во Матеј 18-та глава.
4. Задржување или пренасочување на даровите.
5. Работа, не за Божјето царство, туку за себе.
6. Огорчен, непријателски дух, додека се обидуваме да ја извршуваме Божјата работа.
7. Желба да се контролираат другите, наместо да дозволиме Исус да биде нивни господар.

Да бидеме тие што ќе ја шират со збор и дела Христовата порака за мирот!

*Сабота, 24 август 2019*

## 8. КАКО ДА ПОДГОТВИШ ЕДНА ЛИЧНОСТ ЗА КРШТЕВАЊЕ?

**„Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сè што Сум ви заповедал! И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!“ (Матеј 28,19.20).**

Како да подготвиш некого за крштевање? Каква е вашата вообичаена процедура во таа работа и дали таа е во согласност со редоследот што Исус го дал во големиот налог?

Адвентистичката црква има добро развиен систем на поучување на основните вистини, составен од 28 верувања. Правилното сфаќање подразбира дека секој треба да биде запознаен со овие верувања пред да стане верник на црквата.

Луѓето ги приготвуваме за крштевање, така што ги поучуваме. Редоследот што Исус го дал во Матеј 28,19.20 е следниот:

1. Оди.
2. Направи ги ученици.
3. Крштавај.
4. Поучувај.

Додека им помагаме да се подготват да станат ученици, дали ги учиме како да ја проучуваат Библијата, како да се молат, како да ги надвладеат искушенијата, како да ги запомнат библиските текстови, како да ги користат духовните дарови?

Неодамна некој рекол дека во нивниот округ биле крстени рекорден број верници, а потоа, по пофалбите упатени до проповедниците и верниците, додал и една важна забелешка: „Задачата со која сега се соочуваме е да бидеме уверени дека овие новокрстени верници ќе станат посветени Христови ученици“.

Драги браќа и сестри, ние можеме да им бидеме поддршка и да им помогнеме во тоа. Да не попуштаме и да не ја загубиме од вид важноста на поучувањето, но да се обидеме да ги зацврснеме во основните ставови и практика како Христови следбеници, додека се подготвуваат да сторат завет со Исуса Христа.

*Сабота, 31 август 2019*

## 9. КАКО ДА ЖИВЕЕШ КАКО ХРИСТОВ УЧЕНИК?

Кога со вера доаѓаме до сознание дека Христос е господар на нашиот живот, сфаќаме дека Тој бара од нас да се откажеме од досегашниот начин на живот. Адвентистите со причина се загрижени поради разните аспекти на животниот стил и бараат тоа да го сфатат и луѓето од светот додека се приклучуваат на Божјата црква.

Неодамна во станот на еден проповедник, работник на една телефонска компанија воведувал дополнителен телефонски број. Набргу сфатил дека се наоѓа во станот на пасторот на адвентистичката црква. Рекол оти знае дека адвентистите негуваат здрав начин на живот. Насмевнувајќи се, пасторот почнал да објаснува што опфаќа таквиот стил на живот. Работникот на компанијата се заинтересирал и продолжиле разговор за заемниот однос на животниот стил и духовниот живот.

Ниту еден разговор за стилот на животот не може да се заврши а да не се постави прашањето: Како? Легализмот е надворешен облик на религија во која поединецот се обидува, со извршување на заповедите, да го заслужи небото. Мото на легалистите е: Бог им помага на оние кои си помагаат себеси. Тоа е став кој личноста го зазема во обидот да живее според начелата.

Од друга страна, оправдувањето со вера е внатрешен процес кој започнува со предавање на срцето со вера во Христа како господар, а тоа значи дека Нему му дозволуваме, со помош на Библијата, да го обликува нашиот избор и нашиот начин на живеење. Исто така, и да нè осведочи во работата на Светиот Дух и да нè воведе во заедницата на Христовото тело. Без разлика дали имаме силна или слаба волја, сите мора да ја сфатиме својата беспомошност во обидите сами да го промениме сопственото срце. Бог е тука секогаш да ни помага да го донесеме правиот избор и да живееме според неговата волја.

*Сабота, 7 септември 2019*

## 10. ЦРКВАТА – ГРАД ПРИБЕЖИШТЕ

Во првата глава од книгата „Делата на апостолите“ Елена Вајт го употребувала зборот „град“ за да ја означи Божјата црква. „Црквата е Божја тврдина, Божји град-прибежиште во овој вознемирен свет“ (АА, стр. 11).

Црквата овде е насликана како место на сигурност, прибежиште, сила, а ја заштитуваат верни и добро обучени стражари. Но, црквата треба да биде повеќе отколку само прибежиште и тврдина. Низ вековите на духовна темнина, Божјата црква била како град изграден на гора. Од век во век, од генерација во генерација, чистата небесна наука се развивала во нејзините рамките.

Друго, колку и да изгледа ослабена и несовршена, црквата е единствен објект на кој Бог во посебна смисла му посветува свое најголемо внимание. Таа е сцена на неговата милост на која Тој со задоволство ја открива својата моќ со која ги преобразува срцата. На овој начин црквата е прикажана како место на кое вистината дејствува на благослов на светот.

Третата употреба на зборот *град*, се однесува на предноста да светли како светилка во светот, а исто така и на опасноста веста да се чува запечатена: „Божјето спасение морало да се објави во сите градови. Христовите ученици биле повикани да ја завршат работата која еврејските водачи пропуштиле да ја извршат.

*Сабота, 14 септември 2019*

## 11. МОЌТА И НЕМОЌТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ

Плурализмот е една од главните пречки со која се соочуваат адвентистите на седмиот ден, кога се обидуваат да сведочат за единствените библиски вистини како што се: саботата, Христовото второ доаѓање, состојбата на мртвите итн. Во суштина,

плурализмот е факт дека сите вистини се релативни. Така, кога се објавува и објаснува вистината за саботата, реакцијата на најголем број луѓе не е негативна, туку се истакнува фактот дека не важно кој ден ќе се празнува. Ставот често се искажува со вообичаената фраза: „И јас сум во право и ти си во право". Никој вистински не е во право и навистина никој не е виновен.

Кога се работи за христијанската доктрина, плурализмот постои бидејќи општеството избрало научни хипотези, а не Библијата како извор на апсолутна вистина. Повеќето луѓе веруваат дека науката има информации за почетокот на светот и дека човекот може да се потпре на нив. Значи, добро утврдениот факт за воспоставувањето на саботата, втемелен врз првата книга Мојсеева, може да допре до глуво уво, поради влијанието на плурализмот и секуларизмот во денешниот свет.

Исто така фактот дека адвентистите претставуваат „црква на остатокот", црква на која ѝ се доверени светите вистини, тешко се прифаќа поради климата на релативизмот, за да не се оди во крајност или исклучивост.

Додека луѓето се препираат околу логиката, љубезноста и вистинската грижа за другите, проштавањето и плодовите кои ќе се развијат како резултат на Христовото присуство во срцето, верата ќе ги сруши пречките на неверството.

*Сабота, 21 септември 2019*

## 12. КАКО ДА СЕ ДОЈДЕ ДО СОВРШЕНСТВО?

Библиското учење за христијанското совршенство ја истакнува победата над гревот, која ја постигнуваме со вера во Исуса Христа. Исус вели: „Бидете совршени како што е совршен вашиот Татко небесен". Во евангелието според Матеј, во петтата глава, се истакнува фактот на духовно исполнување на законот, а не само на пишаното слово.

Елена Вајт вака го коментира текстот во Матеј 5,48: „Условите за вечниот живот се потполно исти како во Едем - совр-

шена праведност, склад со Бога, совршена согласност со начелата на неговиот Закон. Истиот идеал на карактер прикажан во Стариот завет се наоѓа и во Новиот. Тој идеал не е таков за да ние не можеме да го постигнеме. Во секоја заповед или налог, кој го дал Бог, се наоѓа ветување кое се крие во заповедта. Бог се погрижил да станеме слични на Него и Тој ќе го постигне тоа со сите кои со својата изопачена волја нема да го попречуваат делувањето на Неговата милост" (Мисли од гората на благословите, стр. 97).

Библијата и Духот на пророштвото не нѐ учат дека Бог нѐ спасува откако самите ќе се усовршиме. Библијата учи дека, оние кои живеат со вера во Исуса Христа, Бог им дава сила да го покажат Христовиот карактер и да го победат гревот. Овој живот на вера е резултат на духовниот раст кој води до потполна победа како предуслов за примање на „доцниот дожд“.

*Сабота, 28 септември 2019*

## 13. ПРЕД ДА ПОМИСЛИМЕ

Дваесетгодишно момче за прв пат требало да лета со авион. Авионот доцнел, така што неговите родители и тој морале да го продолжат чекањето на Чикашкиот аеродром. Момчето имало развиен страв од доцнење, страв дека можеби нема да стигне на време. Додека го чекал летот, сакал да биде близу до излезната врата. Подобро сигурен отколку жалосен. Подобро да го држи авионот на око, отколку да не го слушне повикот за повикување на авионот. Одеднаш, објавата за тргнување на авионот одекнала низ разгласот, и момчето не можело а да не потрча низ долгиот ходник. Ги брзало своите родители. Кога ги испуштил наочарите за сонце, не се наведнал да ги подигне, туку брзал да стигне. Самата помисла дека може да го пропушти летот била доволна да ја сосредоточи својата енергија за да влезе во авионот.

Како што многумина од нас знаат, одењето на небо се чини малку одложено. Изгледа дека црквата чека на овој веќе изветвен

свет многу долго и некои од нас веќе изгубиле надеж дека ќе отидат на тој долго очекуван одмор што Бог ни го ветил.

Но во светот скоро ќе одекне трубниот вик: „Еве го Младоженецот доаѓа, излезете му во пресрет“ (Матеј 25,6).

Нежните и благи совети на членовите на семејството и пријателите ќе го заменат гласните и итни повици дека Исус доаѓа, дека сѐ треба да оставиме и да се сретнеме со Господа. Никаква земна врска или имот нема да бидат во состојба да ги задржат оние кои грижливо чекаат да го фатат последниот и единствен авион одовде.

**Градиво за саботна школа**
**3/2019**

# МИСИОНСКИ СТИХОВИ

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и**
**техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**